РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2008/3
26.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 23.04.2024 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, м-р Емилија Петреска Камењарова, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.04.2024 година.
2. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 јануари до 31 март 2024 година.
3. Предлог за поведување прекршочна постапка против ТРД „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ експорт-импорт – Сарај, Скопје за прекршување на член 75 став 1, а во врска со член 75 став 4 алинеја 1 од Изборниот законик.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.04.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со Кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 јануари до 31 март 2024 година, објасни дека Советот не ги гласа, тие се предвидени за информација до членовите на Советот за спроведените тековни активности на Агенцијата. Од причина што времето за разгледување на извештаите беше кратко, во консултација со Советот, точката ја одложи за пред почетокот на наредната седница.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка против ТРД „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ експорт-импорт – Сарај, Скопје за прекршување на член 75 став 1, а во врска со член 75 став 4 алинеја 1 од Изборниот законик. Објасни дека со последните измени на Изборниот законик, радиодифузерите на национално ниво добија обврска да емитуваат едно издание на вести во периодот помеѓу 16:00 до 24:00 часот, прилагодени за лицата со сетилна попреченост и за уште една информативна емисија во текот на неделата. Со надзорот се покажа дека овој радиодифузер не ја исполнил оваа законска обврска. Наведе дека во Извештајот е сè детално наведено и доколку има потреба од прашања, одговори ќе дадат раководителките од Секторот за програмски работи.

Г-дин Петрушевски рече дека за него нема потреба од дополнителни објаснувања. Ја следел комуникацијата со медиумот, знае дека тој даваше ветувања дека ова ќе го направи, но очигледно поради технички причини не успеал. Веројатно рече дека медиумот има поважни работи во овој момент како што е следењето на изборите и платеното политичко рекламирање. Објасни дека Изборниот законик мора да се почитува и во таа насока ги праша членовите на Советот дали би сакале на седницата да се емитуваат снимките од програмата на оваа телевизија како доказ за сторениот прекршок.

Г-дин Ајдини во врска со прекршокот рече дека овие денови бил во комуникација со уредникот на ТРД „КЛАН МАЦЕДОНИА“ и со раководителката на Секторот за програмски работи. Според него е евидентно дека радиодифузерот има технички проблем но се гледа дека се заложиле оваа обврска од Законот да ја исполнат. Се изјасни дека сака да ги погледне снимките од програмата на ТВ КЛАН.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни како што е наведено и во материјалите дека ТВ Клан на 2 април ја известил Агенцијата дека секој ден од изборниот процес ќе емитува едно издание на вестите во 20 часот, а во петок во 19:50 часот со користење на знаковен јазик титлување, како и една специјална емисија „Избори 2024 - Дебати“ на неделно ниво прилагодена со титлување кое ќе се емитува секоја недела во 19:15 часот. Со надзорот за целиот

период на изборната кампања за претседателските избори од 4 април до 22 април беше констатирано дека телевизијата не емитуваше вести во 20 часот а во петок во 19:50 часот како што најавил во доставеното известување до Агенцијата, туку вестите се емитуваа околу 18:30 часот и околу 22 часот. Во дел од емитуваните изданија на вестите во долниот дел на екранот се движеше кајрон со информации, но овие информации комплетно се разидуваа со содржината на прилозите што се емитуваа во исто време. Од таа причина ова не може да се смета за прилагодување на вестите за лицата со попреченост. Што се однесува до најавената специјална емисија „Избори 2024 - Дебати" која според известувањето од телевизијата требаше да се емитува секоја недела во 19:15 минути, со надзорот во периодот од 4 до 22 април не беше регистрирано нејзино емитување и воопшто не беше регистрирано емитување на дебати во недела како што беше најавено во дописот од 2 април. Инаку во работните денови од седмицата за време на целиот анализиран период беше регистрирано емитување на повеќе дебатни емисии и дури во две од емитуваните дебатни емисии, едната емитувана на 9 април а другата на 16 април се констатира обид од радиодифузерот да ги прилагоди на лицата со сетилна попреченост. Во овие две емисии се користеше софтвер за префрлање на говор во текст, но тоа беше со лош квалитет, софтверот не успеваше да ја пренесе целата содржина, многу доцнеше, повеќекратно повторуваше исти зборови и слично. При тоа големината на буквите беше премногу мала за да се следи содржината од страна на лицата со попреченост. Најави дека сега ќе се емитува извадок од вестите за да се види во каква форма се емитуваат вестите, а потоа исечок од дебатата на 9 април во која телевизијата се обидела да ја направи прилагодена за лицата со попреченост.

*На седницата беа пуштени снимките од програмата врз кои е направен Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) над изборното медиумско претставување и е констатиран прекршокот.*

Раководителката Јаневска објасни дека од снимката се гледа дека текстот на кајронот за кој што медиумот сметаше дека може да се смета за исполнување на обврската, не кореспондира со содржината на вестите. Оттаму, не може да се прифати како прилагодување на содржината за лицата со попреченост. Ваквите кајрони редовно ги емитуваат и другите радиодифузери во рамки на повеќе информативни емисии.

Помошник раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска Камењарова објасни дека направен е обид на прилагодување за користење на софтвер кој говорот го претвора во текст, но текстот што оди на кајронот не се однесува на содржината на она што презентерот го говори, тоа се некои коментари од претходно и повторување на зборови. Кога веќе почнува говорот да се претвора во текст тој веќе доцни. Објасни дека првите 4-5 дена од кампањата се направи пресек бидејќи оваа обврска за прв пат се воведува и е нова обврска за радиодифузерите и веднаш беше пуштен допис до сите радиодифузери бидејќи кај поголемиот дел имаше проблем во квалитетот на начинот на кој што ја исполнуваа оваа обврска, додека кај ТВ КЛАН воопшто во тој период немаше обид да направи некакво прилагодување на дебатата.

Г-дин Петрушевски рече дека врз основа на дискусијата и видео материјалите кои беа емитувани и образложени, ќе го поддржи предлогот од службата.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) над изборното медиумско претставување бр.10-2007/1 од 23.04.2024 на ТРД „КЛАН МАЦЕДОНИА" ДООЕЛ експорт-импорт – Сарај, Скопје и утврди

прекршување на член 75 став 1, а во врска со член 75 став 4 алинеја 1 од Изборниот законик.

Советот едногласно заклучи против ТРД „КЛАН МАЦЕДОНИА“ ДООЕЛ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ – САРАЈ, СКОПЈЕ да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека спротивно на член 75 став 1, а во врска со член 75 став 4 алинеја 1 од Изборниот законик, во периодот од 4 до 22 април 2024 година, телевизијата не обезбеди информирање за изборниот процес во формат достапен за лицата со попреченост, односно со користење знаковен јазик, титлови, тонски опис или други алатки за обезбедување пристапност, ниту во најмалку едно издание на вестите на дневно ниво, ниту во друга програмска содржина на неделно ниво емитувана во периодот од 16:00 до 24:00 часот, за време на изборната кампања за првиот круг од Претседателските избори, иако објавуваше платено политичко рекламирање во континуитет во текот на изборната кампања.

Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 4**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**